СКИЈАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-2/36/23
28.03 2023 год.
СКОПЈЕ

Скијачка Федерација
на Македонија

Врз основа на член 9 в.в. член 21, член 22, став 1, алинеја 3 и 8 и член 35, став 1, точка 3 и член 38 од Правилникот за работа на дисциплинската комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и за утврдување на дисциплинска одговорност од 20.10.2022 година (во натамошниот текст само „Правилникот") на Скијачка федерација на Македонија, со седиште на ул. Руѓер Бошковиќ бр. 22, Скопје (во понатамошниот текст само „СФМ"), Дисциплинската комисија на седницата одржана на ден 28.03.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

I.

**Здружение Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола, ул. 12 Кладенци бр. 41-3, Битола,** ЕМБС 4141954, ЕДБ 4002996132789 се огласува за виновен дека ги сторил следните дисциплински прекршоци:

- Сторил повреда со која го нарушил угледот на СФМ и довел во заблуда останати субјекти и органи;
- Недолично, неспортско однесување спротивно на духот на спортот, етиката, фер играта и чесност.

II.

На **Здружение Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола, ул. 12 Кладенци бр. 41-3, Битола,** ЕМБС 4141954, ЕДБ 4002996132789 му се изрекуваат следните дисциплински казни:

- **Забрана за учество и гласање во органите на СФМ со времетраење од 1-една година сметано од денот на донесување на оваа одлука**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 23.02.2023 година од страна на Борче Јаневски поднесено е Барање за поведување на дисциплинска постапка против Здружение Скијачки клуб ПЕЛИСТЕР Битола (во понатамошниот текст само „ПЕЛИСТЕР"). На ден 27.02.2023 година Дисциплинската комисија при СФМ утврди дека Пријавата ги исполнува условите за поведување на дисциплинска постапка по што на 28.02.2023 година по препорачана пратка ПЕЛИСТЕР преку законскиот застапник беше повикан писмено да се произнесе по поднесената Пријава и приложените докази кон истата во рок од 5-пет дена.

На ден 17.03.2023 година од страна на Наум Симјановски, лично доставено е писмено произнесување но не и од страна на клубот ПЕЛИСТЕР иако поканата е испратена до клубот ПЕЛИСТЕР, но и покрај тоа произнесувањето од страна на Дисциплинската комисија беше земено во предвид како да е доставено од страна на клубот ПЕЛИСТЕР со оглед да Наум Симјановски бил законски застапник на клубот во моментот на сторениот дисциплински прекршок, а сегашниот законски застапник иако можел не дал произнесување.

Дополнително, со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, од страна на Дисциплинската комисија беше побарана дополнителна документација во врска со изнесените наводи во барањето при што беа доставени следните документи:

- Записник од Седница на Собрание на СФМ на ден 27.12.2022 година
- Аудио снимка од седница на Собрание на СФМ на ден 27.12.2022 година
- Статути од 26.12.2019, 03.03.2021 и 27.12.2022 година

На ден 28.03.2023 година Дисциплинската комисија одржа седница на која го разгледа Барањето, наводите во истото и доказите, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Клубот ПЕЛИСТЕР е постојан – редовен член на СФМ со право на глас во Собранието на СФМ.

на Редовното собрание на СФМ одржано на ден 27.12.2022 година со увид во Записникот и од аудио снимката од редовното собрание, Дисциплинската комисија утврди дека Наум Симјановски, како претставник на Клубот го дал следното излагање:

*Во статутот пишува, член 46 или 64 бидејќи го немаме добиено пречистен текст званично, а добро ќе беше да го имаме стариот текст, се наведува дека собранието се закажува 15 дена унапред со припремени материјали за да можат тимовите да се подготват. Поштата е пратена на 21.12.2022, а ние бидејќи поштата каснеше поканата и материјалите ги добивме вчера. Тоа се 7 дена и ако може да ми се објасни зошто е тоа така.*

На ова барање од страна на Борче Јаневски е дадено појаснување дека поканите се испратени на 20.12.2022 по пат на пошта препорачано, но исто така поканата заедно со сите материјали е испратена и по електронска пошта на 20.12.2022, дека во статутот ниту во законот за здруженија и фондации не е предвиден рок од 15 дена за одржување на собрание и дека смета дека собранието може да се закаже во рок од 7 дена и смета дека истото може да ја продолжи својата работа.

По ова Наум Симјановски дал своја реплика:

*Ние имаме Статут со кој сме ги регулирале правата, званичен статут и таму децидно стои. Собранието е нелегитимно свикано бидејќи не се запазени роковите од званичниот статут на СФМ. Барам да ми се каже зошто е тоа така направено и второ барам техничко решение тоа да се надмине. Барам пауза 15 минути за да може да се консултирате,* која подоцна ја дополнил со повикување на членови од Статутот на СФМ наведувајќи *Сакам да се надополнам, значи член 19 и член 20 од званичниот статут на СФМ. Тоа е основот на моето прашање.*

Со увид во аудио снимката од Собранието, утврдено е дека на собранието се дискутира од страна на Гоце Петков, како претставник на Клубот СНОУ СПОРТ и Наум Симјановски, како претставник на клубот ПЕЛИСТЕР за тоа дека Собранието не е свикано на начин предвидено со Статутот односно дека од денот на поканата до денот на одржувањето на

седницата требало да изминат најмалку 14 дена па следствено на тоа лицата истакнуваат дека собранието е невалидно.

Претставникот на клубот продолжува со дискусијата наведувајќи дека *Мојава дискусија е во правец на заштита на тебе како претседател бидејќи ти си најодговорен бидејќи ти го свикуваш, да не дојде дека ти правиш прекршок. Од моја страна нема да биде ништо покренато затоа вака демократски дискутирам. Можеби некој сака вака да биде, не му се чека некој работи ама испаѓа дека ти лично си....за твоја заштита ова го правам. А за тоа како и што дојде до ваа ситуација добро би било дел од раководството да се потсети пред година и нешто како идеа од Скопје во објект блиску до овој и молеа да се даде потпис за да се направи промена. Се договараа таму некој работи а од договореното еве до кај сме дојдеин. Од моја страна сега за сега толку.*

По ова од страна на Претседавачот е констатитано дека не се прекршува било каков член од статутот ниту од законот за здруженија и фондации и предложил собранието да продолжи по што Наум Симјановски уште еднаш посочил:
*Значи мојот став го искажав претходно пак ќе го повторам, ценам дека ова Собрание е свикано на нелегитимен начин и не би требало да продолжи со работа. Укажувањата се благовремено кажани и понатаму ќе г користиме сите правни лекови и како претставник на скијачкиот клуб Пелистер не би сакал да учествувам на ваков терк на свикување и водење на собранието.*

Дисциплинската комисија изврши увид во Статутот на СФМ од 03.03.2021 година, кој е во важност на денот на одржување на седницата на собранието и согласно кој истата е свикана и организирана, каде во член 19 и 20 е предвидено:
*Член 19*
*Собранието работи на седници.*
*Седниците на Собранието се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш годишно, по завршувањето на натпреварувачката сезона, најкасно до 31 мај.*
*Собранието може да работи ако се присутни повеќе од половината од постојните членови.*
*Собранието своите одлуки ги донесува со гласање.*
*Гласањето е јавно, а на предлог од 1/3 од членовите Собранието може да одлучи гласањето да биде тајно. Одлуката е полноважна доколку за истата гласале повеќето од половината присутни, постојани членови на Собранието, но не помалку од 1/3 од вкупниот број на постојани членови на Собранието.*

*Член 20*
*Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на СФМ, на иницијатива на Извршниот одбор, Надзорниот одбор или најмалку 1/3 од постојаните членови.*
*Во случај на спреченост или одсутност на претседателот, претходната иницијатива ја спроведува еден од потпретседателите, овластен од претседателот или од Извршниот одбор.*
*Вонредно заседание на Собранието може, покрај претседателот, да свика и Надзорниот одбор или 1/3 од членовите на Собранието со право на одлучување.*

Видно од цитираните одредби никаде во статутот кој се применувал во моментот на свикување на редовното собрание, не се предвидени било какви рокови.
Дополнително Дисциплинската комисија изврши увид и во предлог текстот на новиот Статут на СФМ кој бил предмет на усвојување на седницата на Редовното собрание ан СФМ, при што член 20 предвидува:

*Член 20*
*Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на СФМ или Потпретседателот кој го заменува, со испраќање на покана.*
*Собранието се свикува по пат на покана испратена по препорачана пратка преку регуларна или брза пошта или со испраќање на покана до членовите на Собранието по пат на електронска пошта но не пократко од 7 (седум) дена пред одржување на седницата на Собранието.*
*Седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 14 дена но не пократко од 7 дена од денот на испраќање на поканата за одржување.*
*Седниците (редовни или вонредни) на собранието можат да се свикаат и со иницијатива на Извршниот одбор или на најмалку 1/3 од постојаните членови со право на глас.*
*Иницијативата за свикување на редовна или вонредна седница на Собранието иницијаторите се должни да ја достават заедно со дневен ред, материјалите и предлог одлуките до Претседателот на СФМ кој е должен истата да ја спроведе и во рок од 7 (седум) дена од денот на доставената иницијатива за свикување на редовна или вонредна седница, да испрати покана за свикување на седница до членовите на СФМ. Во случај на отсутност, спреченост или трајна спреченост (смрт или одземена деловна способност) на Претседателот, претходната иницијатива ја спроведува еден од Потпретседателите, овластен од Претседателот или од Извршниот одбор на СФМ.*

Од наведените членови јасно произлегува дека во важечкиот статут во времето на свикување на седницата на собранието, а тоа е статутот од 03.03.2021 година никаде не се наведени и предвидени рокови кога и како се свикува седница на собранието.
Во новиот текст на Статутот кој бил предмет на усвојување на седницата и кој се применува дури по неговото усвојување (не и на седницата) предвидени се рокови за испраќање на покана за собрание и рокови за одржување на седницата но никаде во истиот не се наведени рокови од 30 дена или најмалку 14 дена од денот на испраќање на поканата до денот на одржување на седницата.
Од тука јасно произлегува дека е очигледна намерата на претставникот на ПЕЛИСТЕР преку наводно читање на одредби од важечкиот статут, се обидува да прикаже слика дека седницата на собранието е свикана спротивно на статутот.

Понатаму, Дисциплинската комисија утврди дека постапувањето на клубот со истакнуавње на погрешни факти продолжува и поантаму и во писменото произнесување. Така, давајќи ја својата одбрана претставникот на клубот наведува дека заради околноста со статутите на СФМ (претставникот наведува неосновани факти дека Статутот од 03.03.2021 година не можел да биде потпишан од претходниот претседател Огњан Циговски бидејќи истиот бил упишан како претседател со решение од 29.04.2021, кое нешто е сосема погрешно протолкувано), па во таква ситуација тој на седницата на собранието го истакнал статутот кој бил во функција за времето на претседателот Владимир Пановски во кој стои дека

собранието се закажува и 15 дена унапред. По ова, Дисциплинската комисија изврши увид во Статутот од 26.12.2019 година при што утврди дека никаде во членовите од Глава – Собрание на СФМ од член 17 до 20 не е предвиден рок за свикување на собрание од 15 дена унапред како што е наведено во произнесувањето. Дополнително, со увид во аудио снимката од седницата одржана на ден 27.12.2022 година, се констатира дека претставникот на клубот во ниту еден момент не истакнал на кој статут се повикува во текот на неговата дискусија туку тој постојано алудира на тоа дека е незаконски свикано собранието и дека не сака да учествува во така организирано собрание. Сето ова води до заклучот дека претавникот на клубот и сега во оваа постапка прави очајнички обиди да го оправда своето однесување повторно со наведување на неточни информации кои наводно се предвидени во статутите на СФМ.

Дисциплинската комисија го зеде во предвид и барањето на Наум Симјановски да биде повикан на седницата на комисијата, но при тоа Дисциплинската комисија утврди дека врз основа на расположливите докази правилно и целосно може да ја утврди фактичката состојба, па во насока на економичност на постапката и член 32 од Правилникот нема потреба од сослушување на претставникот на клубот, кој патем даде и писмено произнесување.

Во текот на постапката покрај доказите во Барањето за поведување на постапка, беа изведени следните докази:

- Записник од Седница на Собрание на СФМ на ден 27.12.2022 година
- Аудио снимка од седница на Собрание на СФМ на ден 27.12.2022 година
- Статут од 03.03.2021 година
- Статут од 26.12.2019 година
- Статут од 27.12.2022 година
- Е-маил од 07.03.2023 година од scpelister@t.mk

Врз основа на сето погоре наведено, Дисциплинската комисија утврди дека со ваквите постапувања Клубот ги сторил следните дисциплински прекршоци:

- Сторил повреда со која го нарушил угледот на СФМ и довел во заблуда останати субјекти и органи;
- Недолично, неспортско однесување спротивно на духот на спортот, етиката, фер играта и чесност

од причина што:

Клубот, преку својот законски застапник, изнесува невистинити наводи пред членството во СФМ и тоа:

- На седница на редовно собрание на СФМ одржано на ден 27.12.2022 година наводно читајќи одредби од важечкиот Статут на СФМ преку својот законски застапник во неколку наврати изнел невистинити податоци на начин што пред сите присутни членови изјавил и настојувал дека не е запазен рокот за свикување на собрание, дека седницата е незаконита, со кое нешто го нарушил редот на собранието, ги довел во заблуда присутните членови а исто така го нарушил и угледот на СФМ, кое исто така претставува и недолично и неспортско однесување спрема другите учесници.

Согласно член 21 од Правилниот, забрана за учество и гласање во органите на СФМ се изрекува на клуб за сторен прекршок, кој не ги почитува одлуките на органите на СФМ и/или акти на СФМ и/или не поднесува извештаи и/или ја клевети или навредува СФМ или нејзини членови, членови на органите и телата на СФМ, натпреварувачи, тренери и други ангажирани лица со своето делување го нарушува угледот и честа на СФМ и/или нејзините членки и/или претходно веќе му е изречена некоја дисциплинска казна.

Согласно член 22, став 1 алинеја 3 и 8 од Правилникот, Дисциплинска псотапка може да се поведе доколку постои основан осомнение дека:

- Сторил повреда со која го нарушил угледот на СФМ и довел во заблуда останати субјекти и органи;
- Недолично, неспортско однесување спротивно на духот на спортот, етиката, фер играта и чесност.

Врз основа на наведеното произлегува дека се исполнети условите од член 22, став 1 алинеја 3 и 8 и член 21 од Правилникот.

При одлучувањето Дисциплинската комисија го зема во предвид фактот дека клубот ПЕЛИСТЕР преку својот претставник во неколку нарати на седницата на собранието иако знаејќи дека ниту еден статут на СФМ не содржел одредби како што тој наводно ги читал на седницата настојувал да прикаже некаква незаконитост во работењето на собранието, кое нешто само го потврдува заклучокот дека ПЕЛИСТЕР постапува со намера а се со цел да наштети на самата федерација. Ваквото однесување е спротивно на спортскиот дух и етика и воопшто самото однесување претставува недолично и неспортско однесување кое е исклучиво на штета на СФМ и нејзиното членство и скијачкиот спорт воопшто. Дополнително ваквото однесување породолжува и во писменото произнесување по поднесеното Барање за поведување на псотапка. Сето ова укажува на постоење и умисла од страна на сторителите при сторување на дисциплинскиот прекршок и нивна одлучност, упорност, решителност и безобзирност при ваквото постапување. Сето ова придонесува и до нарушување на угледот на СФМ и нејзините органи пред членството од кое несомнено органите на СФМ ја црпат довербата.

Како резултат на сето погоре наведено а имајќи ја во предвид сериозноста и одлучноста при сторувањето на дицциплинската повреда, следуваше Дисциплинската комисија да ја донесе одлуката како во диспозитивот на истата.

Одлучено на ден 28.03.2023 година

Претседател на Дисциплинска комисија на СФМ

Јасмина Брезовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволната страна има право на жалба до Извршниот одбор на СФМ во рок од 5-пет дена од приемот на оваа одлука.